1.Со оглед дека жалбата е изјавена од страна на лице кое има дадено изјава за стапување во парница на страната на тужениот, XXX, согласно чл.194 од ЗПП, и согласно чл.195 ст.2 од ЗПП, до правосилноста на решението со кое се одбива учеството ГЖ-XXX/XX на замешувачот, замешувачот може да учествува во постапката и неговите парнични дејствија не можат да се исклучат, Апелациониот суд XXX утврдуваше дали во случајот жалбата е во согласност со одредбите од чл.196 ст.4 од ЗПП, според кој, парничните дејствија на замешувачот за странката на која и се придружил имаат правно дејство, ако не се во спротивност со нејзините дејствија. Според овој суд, жалбата на замешувачот не е во спротивност со дејствијата на тужениот, со оглед дека на подготвителното рочиште од XX.XX.XXXX год. полномошникот на тужениот изјавил дека Основниот суд XXX е надлежен по местото на живеење на странките, тужителот веќе отпочнал постапка пред Основниот суд XXX, и смета дека Основниот суд XXX треба да ја продолжи постапката, а не предметот да се препраќа во XXX бидејќи живеалиштето на тужителот е во XXX.

2.Од содржината на чл. 194 ст.1 од ЗПП произлегува дека услов за учество на замешувач во постапката е ако се утврди неговиот правен интерес за странката на која и се приклучил да успее во спорот и дејствијата кој што ќе ги превземе да не се во спротивност со дејствијата на странката на која и се приклучил. Во конкретниот случај првостепениот суд утврдил дека учеството на XXX не е од влијание за исходот на завршување на предметната постапка, без притоа да ја има во предвид содржината на претходно цитираната одредба, која упатува на тоа кое лице може да се придружи на една од странките, како замешувач. Ова дотолку повеќе што не може да се одбие учество на замешувачот, без претходно судот да утврди дали истиот има правен интерес во конкретниот спор. Првостепениот суд бил должен да утврди дали пресудата во предметниот спор поради определени причини би имала правно дејство и на правната положба на лицето XXX, како и дали зависно од исходот во спорот ќе се создадат некакви обврски спрема ова лице, за да истото има правен интерес да се јави како замешувач на страната на тужениот. Од друга страна пак судот не дал ниту доволно образложени причини за одбивање на барањето за прекин на постапката и дали истиот при одлучувањето го имал во предвид чл.201 ст.2 од ЗПП.

3.Од содржината на претходно споменатата одредба произлегува дека услов за учество на замешувач во постапката е ако се утврди неговиот правен интерес за странката на која и се приклучил да успее во спорот и дејствијата кој што ќе ги превземе да не се во спротивност со дејствијата на странката на која и се приклучил. Меѓутоа, во конкретниот случај првостепениот суд утврдил дека тоа што пред Основен суд XXX е поведена постапка од страна на сега тужениот XXX како тужител против тужен-сега предлагачот XXX, во досегашниот тек на постапката упатувало на тоа дека дејствијата на предлагачите се противречни со процесните дејствија превземени од страна на сега тужениот, повикувајќи се на одредбите од чл.196 ст.4 без притоа да ја има во предвид содржината на претходно цитираната одредба, која упатува на тоа кое лице може да се придружи на една од странките, како замешувач. Ова дотолку повеќе што не може да се одбие учество на замешувачот, ако се утврди неговиот правен интерес за тоа, само поради тоа што тој веќе води парница против странките во парницата во која се замешал. Освен тоа и покрај учеството на замешувачот, странката на која и се придружил може самостојно да располага со своите диспозитивни овластувања во парницата (да ја повлече тужбата,да се откаже од тужбеното барање,да го признае тужбеното барање, да склучи порамнување и сл.), а замешувачот во тоа не може да ја спречи освен ако има положба на единствен сопарничар.

4.Тужителката со тужбата бара од судот да и се утврди право на службеност - нужен премин преку послужното добро застроено на КП.бр.XXX за КО XXX, сопственост на тужената и да ја задолжи тужената таквото нејзино право да го признае. Од друга страна, замешувачот со писмениот поднесок од XX.XX.XXXX година побара да се замеша на

страната на тужената поради тоа што имал правен интерес кој се состоел во тоа што на истата парцела каде тужителката има своја куќа и тој имал објект без утврден правен статус во кој живеел и за кој имал поднесено и барање за утврдување правен статус, додека на просторот за кој тужителката бара да и се утврди право на службеност - нужен премин тој имал поставено патека, лозница, односно го уредувал таквиот простор, меѓутоа ваквите наводи не беа поткрепени со никаков доказ доставен од негова страна, а од кои би произлегол и неговиот правен интерес кој го има од тоа тужената да успее во предметниот спор, како би можел таквата одлука да ја употреби во некоја идна постапка во која тој и тужената би се јавиле како странки, односно да го употреби интервенциското дејство на истата во таа постапка.

5.Меѓутоа, ако се има во предвид дека тужбата е поднесена по основ смеќавање во владение и дека со тужбеното барање тужителите бараат да се утврди дека тужениот на ден XX.XX.XXXX година му го нарушил владението на тужителите на дел од Кп.бр.XXX на м.в.X култура гз,зпз 1 за КО XXX со мери и граници подробно опишани во самото барање, по наоѓање на овој суд правилно првостепениот заклучил дека третото лице-замшувачот не го докажал правниот инетрес за вмешување во парницата која тече меѓу странките. Ова од причина што, смислата и значењето на институтот вмешување се изразува преку дејството што во однос на вмешувачот го има одлуката донесена во парницата во која се вмешал, а во конкретниот случај бидејќи спорот е по основ смеќавање во владение, вмешувачот со ништо не докажа која е смислата на неговото вмешување и какво ќе биде дејството на одлуката према него, доколку тужителите успеат во спорот.

6.Оттука, правилно првостепениот суд ценел дека во конкретниот случај второтужениот не е трето лице, односно дека тој веќе учествува во постапката како второтужен и како сопарничар заедно со првотужениот, правилно пред се од процесно - правни причини првостепениот суд утврдил дека предлогот на второтужениот да се замеша во постапката по предлогот за времена мерка на страна на првотужениот е неоснован, бидејќи второтужениот не е трето лице, туку како странка е опфатен со тужбата, до него е доставена тужбата со докази и второтужениот се јавува на рочиштата по предлогот, односно дека второтужениот веќе како странка ги има сите права согласно ЗПП.

7.Според оценка на овој суд правилно постапил првостепениот суд кога го одбил и учеството на замешувачот во оваа парница, која се води по тужбата на тужителот, против тужениот, за долг, поради немање правен интерес на замешувачот за учество во парницата на страна на тужителот како и со оглед на околноста дека ниту тужителот ниту тужениот не го прифаќаат учеството на замешувач во оваа парница. Ова особено ако се има предвид дека замешувачот има извршна исправа пресуда на првостепениот суд ПЛ1-ТС-XXX/XX од XX.XX.XXXX година за неговото побарување спрема тужителот, за кое повел извршување И.бр.XXX пред извршител XXXX во кој е издаден налог за извршување од сметка на должник (врз основа на чл.210 ст.1 од ЗИ), И.бр.XXX од XX.XX.XXXX година на извршителот XXX од XX, па неговите права во врска со наплата и остварување на утврденото парично побарување со извршната исправа спрема тужителот како негов должник, замешувачот може да го остварува во извршувањето согласно Законот за извршување. Интересот на замешувачот за наплата на неговото побарување од тужителот е економски и не го определува неговото замешување во оваа парница. Од овие причини во оваа насока правилен е заклучокот на првостепениот суд дека не се исполнети условите од чл.194 ст.1 и чл.195 ст.1 од ЗПП.

8.Имајќи во предвид дека тужителот ја повлекол тужбата во целост, односно тужениот успеал во постапката, тужителот е должен како да им ги надомести трошоците на тужениот, така и на замешувачите на страната на тужениот. Ова согласно чл.194 и 196 од ЗПП, имајќи

во предвид дека замешувачите на страната на тужениот таквото право го имаат од причини што, таквото право припаѓа и на тужениот, односно на странката на која им се придружиле, па во таа смисла и замешувачите на страната на тужениот имаат право да ги побаруваат трошоците од тужителот кој во конкретниот случај ја повлекол поднесената тужба.

9.Исто така, согласно чл.194 од ЗПП, Замешувачот може да се замеша во парницата до правосилно завршување на постапката, а ако странката на која и се приклучи не поднесе вонреден правен лек, тој не може да го стори тоа, бидејќи тоа негово парнично дејствие би било во спротивност со дејствието на странките. Оттука, произлегува дека предлогот е поднесен од неовластено лице, бидејќи лицето кое го поднело не било странка во постапката, а согласно чл.392 од ЗПП, предлогот за повторување на постапката може да го поднесе само странка во постапката.

10.Во конкретниот случај, лицето XXXX од XXX како замешувач и се придружувала на тужителката како странка и имала правен интерес истата да успее во спорот, но со оглед дека тужителката за предметните станови веќе правосилно го изгубила спорот, како и нејзиното барање за издавање на привремена мерка е одбиено како неосновано, овој суд смета дека неосновано е и барањето на замешувачот на страната на тужителката, за да се дозволи истата привремена мерка која неосновано ја барала тужителката.

11.Во конкретниот случај, замешувачот во парницата се вклучува со поднесување на вонреден правен лек – ревизија. Имајќи го во предвид напред наведеното и претходно цитираните законски одредби, Врховниот суд на Република Северна Македонија наоѓа дека ревизијата поднесена во својство на замешувач на страната на тужителот е недозволена. Ова, од причина, што тој во парницата во која до настапувањето на правосилноста на одлуката за тужбеното барање не учествувал како замешувач, поради што согласно претходно цитираните законски одредби не може да поднесе ревизија како вонреден правен лек.

12.По оценка на овој суд, лицето XXXX може да учествува во предметната постапка како странка на страна на тужените, меѓутоа неговите дејствија се во спротивност со дејствијата на странките на кои бара да им се приклучи. Ова од причина што, видно од писмените поднесоци од првотужениот XXXX од XXX и втортужениот XXXX од XXX, примени во судот на ден XX.XX.XXXX година, произлегува дека првотужениот XXXX од XXX и втортужениот XXXX од XXX, во целост му го оспоруваат правото на XXXX, да учествува во постапката под П1 бр.XX/XX, како замешувач на страната на тужените. Ова дотолку повеќе што првотужениот XXXX од XXX и втортужениот XXXX од XXX, во текот на постапката во целост го признале тужбеното барање на тужителите. Имајќи ја предвид вака утврдената правна ситуација, јасно произлегува дека тужените и лицето XXXX, имаат сосема спротивни интереси, така што на страна на лицето XXXX не постои правен интерес да тужените успеат во спорот.

13.Во конкретниот случај предметот П4-XX/XX кон кој што предлагачот ДОО XXX во стечај предлага да се вклучи како замешувач е веќе правосилно завршен, што воедно значи дека нема парница што е во тек за да може предлагачот да земе учество како замешувач. Од друга страна не постои ни законски основ за повторување на постапката од причина што согласно член 392 став 1 од ЗПП, постапката што со одлука на судот е завршена правосилно може да се повтори по предлог на странката. Од содржината на одредбата од член 392 од ЗПП, произлегува дека ваков правен лек може да го поднесе и замешувачот, доколку се замешал во парницата до правосилното завршување. Согласно член 196 став 2 од ЗПП, кога замешувачот стапил во парницата до правосилноста на одлуката за тужбеното барање, овластен е да поднесе и вонреден правен лек. Во конкретниот случај, подносителот на предлогот воопшто не е странка во предметот П4-XX/XX, ниту пак бил замешувач за да може да бара

повторување на постапката. Од тие причини по мислење на овој суд, правилно постапил и одлучил првостепениот суд, кога предлогот за повторување на постапката го отфрли како недозволен.

14.Оттука имајки ја во предвид одредбата од член 195 став 2 од Законот за парничната постапка според која до правосилноста на решението со кое се одбива учеството на замешувачот, замешувачот може да учествува во постапката и неговите парнични дејствија не можат да се исклучат, произлегува дека во случајов лицето XXXX од XXX, на кој правосилно му било одбиено барањето за вмешување нема право да презема било какви дејствија во постапката, а со тоа ниту право да изјави вонреден правен лек-ревизија.

16.Имајки ги во предвид цитираните законски одредби првостепениот суд правилно утврдил дека не се исполнети законските услови за повторување на постапката, бидејќи лицето XXXX од XXX, кое го има поднесено предлогот не е овластено за поднесување на предлог, бидејќи истиот не бил ниту странка, ниту пак замешувачот во текот на граѓанската постапка, па поднесувањето на истиот е во спротивност на одредбите од 392 ст.1 од ЗПП, каде е предвидено дека постапката што со одлука на судот е завршена правосилно, може само по предлог на странката да се повтори доколку се исполнети законските услови.

17.Жалбата во делот во кој на страната на поранешниот сопственик се прифаќа како замешувач лицето XXXX од XXX, е недозволена. Имено во текот на постапката, лицето XXXX од XXX доставило писмен поднесок со барање за стапување на местото на поранешниот сопственик, а од причина што, со Заклучок И.бр.XXX/XX од XX.XX.XXXX година на извршител XXXX од XXX, побарувањето кое го имал од поранешниот сопственик XXXX било пребиено со недвижноста предмет на експропријацијата. Согласно чл.195 ст.3 од ЗПП, против одлуката на судот со која се прифаќа учеството на замешувачот не е дозволена посебна жалба. Согласно чл.356 од ЗПП, ненавремена, нецелосна или недозволена жалба ќе ја отфрли второстепениот суд со решение ако тоа не го сторил првостепениот суд. Со оглед да во конкретниот случај првостепениот суд лицето XXXX од XXX го прифатил за замешувач во постапката, во кој случај согласно погоре цитираната законска одредба не е дозволена жалба, овој суд изјавената жалба на поранешниот сопственик ја отфрли како недозволена.

18.Во конкретниот случај, постапката по тужбата на тужителката XXXX од XXX против тужениот XXX за поништување на одлука за избор на кандидати за вработување е правосилна завршена, и со пресуда на Апелациониот суд XXX РОЖ.бр.XXX/XX од XX.XX.XXXX година жалбата на тужениот била делумно усвоена а пресудата во став 2 со која е поништена одлуката за избор била потврдена, а во по однос на задолжувањето на тужениот да изврши повторен избор на кандидати за работно место режисер од кандидатите кои ги исполнуваат условите, била преинена на начин што тужбеното барање на тужителката во овој дел било одбиено како неосновано. Со оглед на наведеното, а имајќи ги во предвид цитираните законски одредби, и по оценка на овој суд XXXX неможе да стапи во парницата во оваа фаза на постапката бидејќи се работи за правосилна и извршна пресуда. Од друга страна согласно чл.197 ст.2 од ЗПП, замешувачот со положба на единствен сопарничар може да поднесе вонреден правен лек и во парницата во која до настапување на правосилноста на одлуката за тужбеното барање не учествувал како замешувач. Меѓутоа, со оглед дека во конкретниот случај XXXX нема својство на единствен сопарничар, правилно судот согласно чл.380 ст.1 од ЗПП без одржување на рочиште ја отфрлил изјавената ревизија од страна на лицето XXXX.

19.Ова дотолку повеќе што видно од списите на предметот, подносителот на предлогот за повторување на постапката, не дал изјава за замешување во парницата се до донесувањето на правосилната судска одлука по предметот П1.бр.XXX/XX и првостепениот суд во таа

насока, се нема произнесено со своја одлука дали го прифаќа неговото учеството како замешувач, поради што со оглед дека со одлука на судот на истиот не му е дадено својство на замешувач, се наметнува и прашањето дали истиот без такво утврдено својство во постапката, е овласен да бара повторување на правосилно завршената постапка. Бидејќи од странките не бил вложен вонреден правен лек, не може и сега предлагачот во својство на замешувач да поднесе правен лек, доколку тоа не го сторила странката на чија страна се замешува и има правен интерес истата да успее во парницата.

20.Овој суд во жалбена постапка одлучуваше и по жалбата на лицето XXXX како замешувач на страната на тужениот XXX имајќи ги во предвид одредбите од чл.196 ст.1 и 3 од ЗПП каде што е предвидено дека замешувачот мора да ја прими парницата во онаа состојба во која се наоѓа во моментот кога ќе се замеша во парницата. Во натамошниот тек на парницата тој е овластен да истакнува предлози и да ги презема сите други парнични дејствија во рокови во кои тие дејствија би можела да ги презема странката на која му се придружил, а според ставот 3 ако замешувачот поднесе правен лек примерок од неговиот поднесок ќе и се достави на странката на која и се придружил. Бидејќи во конкретната ситуација лицето XXXX со поднесок за замешување на страна на тужениот XXX се вклучува во постапката кога веќе била донесена првостепена пресуда и истиот изјавува редовен правен лек во рокот во кој што е тужениот овластен да изјави жалба, овој суд одлучуваше и по ваквата жалба имајќи ја во предвид и одредбата од чл.195 ст.2 од ЗПП каде што е предвидено дека до правосилноста на решението со кое се одбива учество на замешувачот, замешувачот може да учествува во постапката и неговите парнични дејствија не можат да се исклучат. Од погоре изнесеното овој суд расправаше по жалбата изјавена од лицето XXXX како замешувач на страната на тужениот XXX, без да при тоа ја прејудицира одлуката за тоа дали се исполнети претпоставки за признавање на такво својство, а конечната одлука за тоа дали се исполнети условите од чл.194 до 197 од ЗПП ќе донесе првостепениот суд.

21.Ова значи дека, за да некој се стекне со положба на вмешувач во туѓа парница конститутивно дејство има изјавата за вмешувачот. Од моментот на така дадената изјава за вмешување, се до правосилноста на решението со кое се одбива учеството на замешувачот, тој има положба на вмешувач.Тоа значи дека, се додека правосилно не биде одбиено учеството на вмешувачот во постапката тој може да учествува во истата и неговите парнични дејствија не можат да се исклучат. Значи, со стапување во туѓа парница, вмешувачот ја прима парницата во онаа состојба во која таа се наоѓа во моментот кога тој се вмешува во неа и истиот е овластен да истакнува предлози и да превзема сите парнични дејствија во рокови во кои тие дејствија би можела да ги презема странката на кое се придружил Со оглед на тоа што првостепениот суд не донел решение со кое е одбиено учеството на вмешувачот и до моментот на повлекување на тужба од страна на тужителката не постои правосилно решение со кое е одбиено учеството на замашувачот, а замешувачот како што утврдил првостепениот суд има превземено дејствија во текот на постапката, овој суд смета дека правилно одлучил првостепениот суд кога ја задолжил тужителката да на вмешувачот му ги плати процесните трошоци кои што се определени во решението.

22.Имајќи го во предвид претходното, како и одредбата од член 196 став 2 од ЗПП, правилно првостепениот суд донел заклучок дека само кога замешувачот стапил во парницата до правосилноста на одлуката за тужбено барање, овластен е да поднесе и вонреден правен лек, а како овде тоа не е случај, правилно го одбил барањето на предлагачот за повторување на постапката да добие својство на замешувач, поради што по оценка на овој суд, првостепениот суд правилно одлучил како во изреката на обжаленото решение.

23.Поради напред наведените причини, односно поради тоа што тужениот XXX во стечај, не се согласува со превземеното дејствие од замешувачот, односно со ревизијата

изјавена од страна на замешувачот на страната на тужениот XXXX, која замешувачот ја поднел без согласност на тужениот во смисла на член 196 став 4 од Законот за парничната постапка, следуваше Врховниот суд на Република Северна Македонија ревизијата да ја отфрли како недозволена, согласно член 380 став 2 од Законот за парничната постапка.

24.Поаѓајќи од одредбите на член 196 став 4 од Законот за парничната постапката, а со оглед да тужениот на чија страна е приклучен замешувачот, не вложил ревизија, ниту по доставената ревизија од замешувачот на произјаснување, тужениот не се произнел дека ја прифаќа ревизијата на замешувачот, произлегува дека превземеното парнично дејствие од страна на замешувачот е во спротивност со дејствијата на првотужениот. Од погоре цитираните законски одредби произлегува дека во Законот за парничната постапка, со кои е регулирана процесната постапка, вакво самостојно право не предвидено за замешувачот. Според тоа произлегува дека во конкретниот случај предметната ревизија е изјавена од лице кое не е овластено за поднесување на ревизијата и истата не е во интерес на странката на чија страна е приклучен замешувачот, односно дека е изјавена од лице кое нема правен интерес за поднесување на ревизија.

25.Согласно чл.196 ст.1 од Законот за парничната постапка, замешувачот мора да ја прими парницата во онаа состојба во која се наоѓа во моментот кога ќе се замеша во парницата. Во понатамошниот тек на парницата, тој е овластен да истакнува предлози и да ги презема сите други парнични дејствија во рокови во кои тие дејствија би можела да ги превзема странката на која и се придружил. Законското толкување на оваа одредба упатува на тоа, дека замешувачот е овластен да ги презема парничните дејствија во рокови кои течат за странката на која и се придружил, па заради тоа и кога му се доставуваат судските одлуки нема право на свои посебни рокови. Тоа значи, дека во конкретниот случај рокот за жалба за замешувачот тече од денот кога обжаленото решение и е доставено на странката на која и се придружил - во конкретниот случај противникот. Видно од вратената доставница за примателот Државно правобранителство XXX - странката на која и се придружил замешувачот, произлегува дека обжаленото решение го примила на XX.XX.XXXX година, што значи дека дадениот рок во решението од 15 дена за жалба истекувал на XX.XX.XXXX година. Со оглед да замешувачот на страната на противникот XXXX од XXX, преку полномошникот адвокат XXXX, жалбата против решението на Основниот суд во XXX ВПП1-XX/XX од XX.XX.XXXX година, ја поднел на XX.XX.XXXX година, Овој суд утврди дека ја поднел по истекот на предвидениот рок од 15 дена за поднесување на жалба.

26.Имајќи ја предвид наведената одредба, овој суд цени дека жалба во конкретниот случај вмешувачот можел да изјави само доколку странката на чија што страна се јавува како вмешувач се изјаснила дека го прифаќа тој правен лек. Во спротивно доколку само замешувачот изјавил правен лек, како што е во конкретниот случај, а таков лек не изјавила и странката на која и се придружил, ниту истата се изјаснила во оставениот рок од страна на судот дали го прифаќа тој правен лек, или изјавила дека не го прифаќа правниот лек изјавен од замешувачот, тогаш таквиот изјавен правен лек е недозволен.

27.Овој суд ги ценеше ваквите жалбени наводи, меѓутоа најде дека истите се неосновани од причина што во случајот замешувачот не е единствен сопарничар со тужениот туку само стапи во парницата бидејќи има правен интерес во оваа парница тужениот да успее и затоа се приклучи на страната на тужениот. Согласно член 197 од ЗПП, ако правното дејство на пресудата се однесува и на замешувачот тој има положба на единствен сопарничар. Во случајот правното дејство на пресудата се однесува само на тужениот XXX, а не и на вмешувачот па од тие причини правилно одлучил првостепениот суд кога наградата ја зголемил за 25 % за наредно лице конкретно за замешувачот кој се приклучи на страната на тужениот.

28.Имено, одредбата од член 197 од Законот за парничната постапка му дава право на замешувачот со положба на единствен сопарничар да поднесе вонреден правен лек иако не учествувал како замешувач до правосилно завршување на парницата, што не значи дека му се дава посебен рок во кој може да поднесе предлог за повторување на постапката. Исто така, нити одредбата на член 191 претходно цитирана, претставува основ да се смета дека тужениот, како сопарничар на кој пристапува предлагачот, пропуштил парнични дејствија кои сега може да ги преземе предлагачот како замешувач.

29.Оттука, тужениот треба да ги докаже оние факти на кои го заснова својот приговор, односно оние факти со кои ги побива наводите и доказите на тужителот. Во конкретниот случај тужениот не предложил, ниту доставил доказ за да го убеди судот дека тужбеното барање на тужителот е неосновано или дека треба да најдат во конкретниот случај примена одредбите од член 198 од ЗПП односно судот да ја повика Република С.М. преку Државниот правобранител како претходник или трето лице наместо тужениот.

30.Овој суд ги оцени вака истакнатите жалбени наводи но истите не ги прифати за основани, од причина што видно од поднесокот од XX.XX.XXXX година е дека тужениот истакнал предлог согласно чл.198 од ЗПП наместо тужениот лицето XXXX како прв увозник на возилото да стапи во парницата како тужен, што значи дека поднесениот предлог бил во смисла на чл.198 од ЗПП а не во смисла на чл.199 од ЗПП кој се однесува за известување на трето лице за парницата како што е наведено во жалбата. Во однос на предлогот на тужениот за именување на претходник во смисла на чл.198 од ЗПП, правилно постапил првостепениот суд кога не го прифатил ваквиот предлог наоѓајќи дека не се исполнети законските услови од чл.198 ст.1 од ЗПП. Имено, членот 198 ст.1 од ЗПП уредува деке лицето кое е тужено како држател на некој предмет или корисник на некое право, а тврди дека предметот го држи или правото го врши од име на трето лице, може најдоцна на подготивелното рочиште, а ако ова не е одржано тогаш на главната расправа пред да се впушти во расправање за главната работа, да го повика преку судот тоа трето лице ( претходник), наместо него да стапи како странка во парницата. Со оглед дека тужениот во моментот кога ја вршел продажбата на возилото бил сопственик на возилото, така што ниту го користел ниту пак го држел во име на третото лице за кое бара да се вклучи во парницата во својство на предходник,правило заклучил првостепениот суд дека не се исполнети законските услови од чл.198 од ЗПП бидејќи предлогот не е навремен, но и од причина што тужениот со возилото располагал како негов исклучив сопственик што произлегува и од известието од МВР од XX.XX.XXXX година каде е наведено дека предметното возило во периодот од XX.XX.XXXX до XX.XX.XXXX година, односно во моментот на склучувањето на договорот за купопродажба на половно моторно возило од XX.XX.XXXX година евидентирало во сопственост на сега тужениот XXXX.